Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 26.10.2022

На 25.10.2022 во 17.30 часот на бул.„Александар Македонски" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода К.М.(20) од Скопје. Тој бил баран со централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „кражба" по член 235 од кривичниот законик. Лицето било спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 25.10.2022 во 21.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.10.2022 во 20.45 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(29) од Скопје затоа тоа што кај него биле пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.10.2022 околу 18.50 часот на ул.„Маршал Тито" во Кичево, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Кичево го лишиле од слобода М.Т.(53) од с.Мамудовци, кичевско. При претрес во неговиот дом и други простории и во неговото возило „гранд чироки" со кичевски регистарски ознаки, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол марка „Екол специјал 99" со празна рамка и пет моторни пили. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

По преземени мерки и активности, полициски служебници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на 25.10.2022 ги лишиле од слобода Х.С.(20) и Е.П.(18), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 24.10.2022 на ул.„Босна и Херцеговина", по претходна расправија поради недоразбирање во сообраќајот, со уште едно лице физички го нападнале Д.К.(60) од Скопје, по што Х.С. со остар предмет му нанел повреди. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (25.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 26 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло). Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за непрописно престројување на возила, четири мерки за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла)...

На 25.10.2022 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на тетовско-гостиварското подрачје, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила и возачи во која биле санкционирани вкупно 12 технички неисправни возила (ТЕ-9 и ГВ-3), кои имале неисправни сопирачки, 2 возила (ТЕ-1 и ГВ-1) со истечена регистрација и 4 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-2). Технички неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај, а на сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци согласно Законот за возила и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. При контролата, исто така, откриени и санкционирани биле и 7 возачи (ТЕ-5 и ГВ-2) кои управувале без положен возачки испит и валидна дозвола, 2 возачи-почетници кои не се придржувале на законските ограничувања предвидени за оваа категорија возачи, 1 (ТЕ) кој неносел возачка дозвола и 2 возачи (ТЕ) кои управувале со важечка забрана за управување. Покрај овие, санкционирани се и 13 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 25.10.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 16 во населено место и 8 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 29 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за технички неисправно возило, 2 за возач почетник, 6 за некористење сигурносен појас и 11 за непрописно паркирање.

На 25.10.2022 во периодот од 08.00 до 14.00 часот, при преземени сообраќајни контроли на возила и возачи, во Охрид и Кичево контролирани се вкупно 75 патнички и други моторни возила (Охрид-50, Кичево-25) и на вонреден технички преглед испратени се 15 возила (Охрид- 05, Кичево- 10). Притоа, кај две возила, констатирани се технички неисправности (Охрид-01, Кичево-01 неисправен уред за сопирање). Против возачите на технички неисправните возила, поднесени се барања за поведување прекршочни пријави.

На 25.10.2022 во 20.42 часот во СВР Битола, П.С. од Битола пријавила дека на ул.„Кочо Рацин" во Битола нејзиниот сопруг З.Б.(56) од Куманово бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.10.2022 во 13.40 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на ул.„Мито Хаџи Василев Јасмин", товарно моторно возило „ивеко" со велешки регистарски ознаки, кое било паркирано од Ж.З.(19) од Неготино, се придвижило и удрило во бетонски ѕид, при што со повреди се здобил возачот, кој бил надвор од возилото во тој момент. Тој се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општата болница во Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 25.10.2022 во 13.10 часот во ОВР Гевгелија било пријавено дека на локалниот пат село Стојаково – село Богородица, гевгелиско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „форд ескорд" со велешки регистарски ознаки, управувано од Т.П.(40) од Гевгелија и патничко моторно возило „опел астра" со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(69) од село Селемли, општина Богданци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на ОВР Гевгелија.

На 25.10.2022 во 15.40 часот во Полициската станица Аеродром, О.Ј.(24) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче бил каснат од куче скитник.

На 25.10.2022 во 19.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.В.(19) од Скопје пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснат од куче скитник.

На 25.10.2022 во 15.00 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.А.(25) од тетовско Јеловјане. Тој се сомничи дека во текот на минатиот и овој месец извршил повеќе кражби на гориво од возила. Од А.А. биле одземени две канти со гориво за кои постои сомнение дека потекнуваат од пријавените кривични дела. По целосно расчистување и документирање на случајот против А.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.10.2022 околу 14.00 часот во гостиварско Неготино, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Х.В.(33) и малолетник, двајцата од Кавадарци и 42-годишната И.Д. од Велес. Тие се сомничат дека извршиле кражба во работилница-сервис за поправка во гостиварски Добридол. Со нив бил извршен службен разговор и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против А.О.(52) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „употреба на исправа со невистинита содржина" по член 380 и „измама при добивање кредит" по член 249 од Кривичниот законик. Пријавената, со намера лажно да прикаже дека е кредитоспособна, при аплицирање за одобрување потрошувачки кредит во една банка приложила лажна потврда за вработување и лични примања, наводно издаден од јавна здравствена установа од Скопје. На тој начин ги довела во заблуда одговорните лица во банката да и одобрат ненаменски потрошувачки кредит во износ од 600.000 денари.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Т.Џ.(49) од струшкото село Ново село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување или оштетување на јавни инсталации". Тој, на 10.07.2022, при извршување ископ на пат кај месноста „Кукуда" во атарот на селото Присовјани, ја оштетил водоводната мрежа и предизвикал прекин во водоснабдувањето за жителите на селото.

Во текот на денешниот ден (26.10.2022), во периодот од 06.00 до 10.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за првенство на минување. При контролата законски санкционирани биле 8 возачи. За време на контролата биле санкционирани и 17 останати прекршоци.

На 25.10.2022 во Полициското одделение Шуто Оризари бил извршен службен разговор со С.С.(42) од Скопје затоа што околу 09.00 часот на ул.„Индира Ганди" пред основно училиште физички нападнал 13-годишен малолетник од Скопје. По целосно расчистување и документирање на случајот, против С.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (26.10.2022) во 00.30 часот во Полициското одделение Мирковци, Р.З.(32) од Скопје пријавил дека околу 15.30 часот во с.Мирковци, скопско, неговиот малолетен син и негов другар биле физички нападнати од две лица. Според пријавеното, малолетниците најпрвин имале расправија со друг малолетник од селото, по што со возило дошло едно лице и физички го нападнало синот на Р.З. и со возилото го однело во домот на малолетникот од с.Мирковци, каде физички го нападнал и неговиот татко. Како што пријавил Р.З., после тоа таткото на малолетникот од Мирковци, го пресретнал и физички го нападнал и малолетниот другар на неговиот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (26.10.2022) во 02.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.П.(56) од Скопје пријавил дека од домот во с.Орман, скопско, се оддалечил неговиот татко С.П. (84). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.10.2022 во 14.40 часот во Полициската станица Кичево, М.М.(59) од Кичево пријавил дека на улицата „11 септември" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.С.(24) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 25.09.2022, пријавениот на улица „Партизанска" во Крива Паланка физички го нападнал со дрвен предмет Б.А.(33) од Крива Паланка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Б.М.(34) од Македонска Каменица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 24.09.2022 во Македонска Каменица, пријавениот физички го нападнал О.С.(18) од Македонска Каменица.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Д.В.(30) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 08.07.2022 во Свети Николе, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Ј.(30) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.02.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А.(25) од село Јеловјане, тетовско, вработен во правно лице - финансиско друштво поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци" и против Ф.Д.(31) и Е.Б.(33) од село Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Првопријавениот, со лична карта на лице од село Раотинце, без негово знаење подигнал готовински кредит во финансиското друштво во Тетово, додека останатите пријавени како вработени во финансиското друштво му овозможиле да ги злоупотреби податоците и да го подигне кредитот со туѓа лична карта.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.Т.(28) од село Свидовица, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца". На 19.10.2022 на граничниот премин Табановце, пријавениот вршел превоз на патници со патничко возило - комби „фиат дукато" без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.Т.(26) од село Пиперово, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца". На 17.10. 2022 на граничен премин Табановце, пријавениот со комби „мерцедес" вршел јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.Т.(22) од село Тркање, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца". На 15.10.2022 на граничен премин Табановце со комби „опел виваро" вршел јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Б.(49) од село Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 07.10.2022 на регионалниот пат Тетово кон село Боговиње било сопрено комбе „форд транзит", при што било констатирано дека пријавениот вршел јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Р.(59) од село Боговиње, тетовско, поради постоењ основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 07.10.2022 на регионалниот пат Тетово кон село Боговиње било сопрено комбе „форд транзит", при што било констатирано дека пријавениот вршел јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган.

На 25.10.2022 во ОВР Кавадарци, вработена во Мал групен дом за деца во социјален ризик во Кавадарци пријавила дека на 23.10.2022, 61-годишен маж од кавадаречко село извршил обљуба врз малолетна штитеничка на домот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.10.2022 во 12.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, Л.С.М.(37) пријавил дека на 24.10.2022 околу 21.00 часот на подрачје на Бит Пазар неговите двајца малолетни браќа, по претходна расправија, биле физички нападнати од две лица кои употребиле и тврд предмет. Исто така, на 25.10.2022 во 13.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.М.(54) пријавила дека на 24.10.2022 околу 21.30 часот на подрачје на Бит Пазар, по претходно случениот настан, била физички нападната од три лица кои употребиле тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.10.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.И.(73) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на подрачје на Бит Пазар, по претходно недоразбирање ,бил физички нападнат од М.Х.(50) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.10.2022 во 13.50 часот во Полициската станица Гази Баба, А.А.(25) од с.Огњанци, скопско, пријавил дека околу 13.10 часот пред неговиот дом на подрачје на Гази Баба, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.Н.(21) и И.Н.(23), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.10.2022 во 21.50 часот во Полициска станица Драчево, С.Д.(61) од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот во просторија од основно училиште на подрачје на Драчево неговиот малолетен син бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет